ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Субјект**
Агенција за лекови и медицински средства
Сметка на основен буџет 603

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година

**Цел на ревизијата:** да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни утврдени состојби:**
- не е воспоставено соодветно финансиско управување и контрола и не е воспоставена поделба на должностите и одговорностите во делот на финансиското работење
- невоспоставена целосна и ефикасна контролна средина поради непополнети раководни места
- во Правилникот за систематизација на работните места во Одделението за финансиски прашања не е предвидено работно место за одговорен сметководител, а работните задачи во овој дел се вршат од страна на надворешно лице ангажирано со договор на дело

**Издадено мислење*:** (позитивно)
Изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година.

**Клучни препораки:**
- пополнувањето на работните места во Одделението за финансиски прашања и предвидените раководни места во секторите
- систематизирање на работно место одговорен сметководител

**Клучни системски слабости:**
Потребно е доуредување на законските и подзаконските акти во насока на:
- дефинирање на рокови за постапување во дел од постапките за издавање на сертификати и одобренија;
- обезбедување транспарентност во начинот на кој се водат клиничките испитувања и дефинирање процентуалното учество на средствата кои треба да бидат приход на ЈЗУ
- Измена на Законот за лекови и медицински средства со цел да се олесни ставање во промет на лекови за третирање зарази кои би предизвикале епидемија или пандемија

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262, www.dzr.mk, dzr@dzr.gov.mk